# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

7 Април 2017 година Гевгелија Број 5 Година XL

Врз основа на член 25 став (1) и член 28 став (3) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 9 став 1 алинеа 6 и член 10 од Законот за референдум и други облици на непосредно одлучување на граѓаните ("Службен весник на РМ" бр.81/05г.), и член 100 став (1) од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на 62-та седница, одржана на ден 06.04.2017 година, донесе

## ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво

### Член 1

Во Одлуката за распишување референдум на локално ниво бр.09-626/1, донесена на 60-та седница на Советот на општина Гевгелија одржана на ден 15.03.2017 година, ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.03/2017г.), се вршат следниве измени и дополнувања:

- Во член 2 став 1 од Одлуката се врши корекција на прашањето за референдум на локално ниво, коешто треба да гласи: **"Дали сте ЗА или ПРОТИВ отворање на рудници за метални минерални суровини на територијата на општина Гевгелија ?"**
- Во член 6 од Одлуката **се бришат зборовите**: "најдоцна во рок од 40 дена од денот на објавувањето на Одлуката за распишување на Референдумот во службеното гласило и во другите средства за објавување во општина Гевгелија" и на нивно место се додаваат зборовите: "**на ден 23 април 2017 година**".
-

### Член 2

Останатите одредби од Одлуката остануваат непроменети.

### Член 3

Еден примерок од оваа Одлука да се достави до Државната изборна комисија во Скопје за навремено доставување на Упатство за подготовка, организирање и спроведување референдум на локално ниво во општина Гевгелија.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија", средствата за јавно информирање, на огласната табла во општина Гевгелија, како и на веб страница на општина Гевгелија.

Бр.09-784/1
6.04.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

Врз основа на членовите 14 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год), член 139 став 1 од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/07 год.), а во врска со член 5 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.04.2017 година, расправајќи по предлогот на членот на Советот, Ристо Камов за воспоставување меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со соседните општини, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Предлогот на членот на Советот на општина Гевгелија, Ристо Камов, за воспоставување Меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со соседните општини за превземање активности за стопирање на изградба на рудници за експлоатација на метолични минерални суровини со спорни технологии коишто употребуваат штетни материи, **се усвојува**.

2.Се задолжуваат претседателот на Советот на општина Гевгелија и членовите на Комисијата за статут и прописи при Советот на општина Гевгелија, да отпочнат со воспоставување меѓуопштинска соработка со општините Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Валандово, Богданци, Дојран, Струмица, Василево, Босилово и Ново Село, со цел запознавање со превземените активности од општина Гевгелија и координирање на взаемните активности со заедничка цел: стопирање на изградбата на рудници за експлоатација на метолични минерални суровини со спорни технологии коишто употребуваат штетни материи.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-785/1
6.04.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драѓи Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год), член 139 став 1 од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/07 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.04.2017 година, расправајќи по предлогот на членовите на Советот, Петар Апостолов и Лазар Боев, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Предлогот на членот на Советот на општина Гевгелија, Петар Апостолов, за задолжување на општина Гевгелија за изработка на најмалку 10 билборди со назнака: **"Совет на општина Гевгелија и Градоначалник на општина Гевгелија"**, како придонес кон референдумот за или против отворање рудници за метолични

минерални суровини на територијата на општина Гевгелија, и на членот на Советот на општина Гевгелија, Лазар Боев, за изработка на флаери за поголема достапност и запознавање на граѓаните со целта на референдумот, **се усвојува**.

2.Се задолжува Градоначалникот на општина Гевгелија да ги обезбеди потребните финансиски средства од Буџетот на општина Гевгелија за изработка и поставување на билбордите и за изработка и делење на флаерите, или да се подготви ребаланс на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година заради обезбедување дополнителни финансиски средства за оваа намена.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-786/1
6.04.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

**СОДРЖИНА**

1.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за распишување на реферндум на локално ниво ........ 167

2.Заклучок за усвојување на предлог од член на Советот на општина Гевгелија за воспоставување Меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со соседните општини за превземање активности за стопирање на изградба на рудници за експлоатација на метални суровини со спорни технологии кои што употребуваат штетни материи ........ 168

3.Заклучок за усвојување на предлог од членови на Советот на општина Гевгелија за задолжување на општина Гевгелија за изработка на најмалку 10 билборди со назнака: "Совет на општина Гевгелија и Градоначалник на општина Гевгелија" како придонес кон референдумот за или против отворање рудници за метални минерални суровини на територијата на општина Гевгелија и изработка на флаери ........ 168

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Ѓевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**